# Living the Lotus 6

## Buddhism in Everyday Life

2026
VOL. 249








## Rissho Kosei-kai of Los Angeles

Living the Lotus
Vol. 249 (Јуни 2026)

Главный редактор: Такаси Маэда
Редактор: Сати Микава
Редакционная коллегия РК Интернейшнл

Риссё Косей-Кай Интернейшнл
Фумон Медиа Центр 3-й этаж, 2-7-1 Вада, Сугинами-ку,
Токио 166-8537, Япония
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1224
Email: living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp

Риссё Косэй-кай—это светская Буддистская организация, священное писание которой заключено в «Трёх сутрах цветка Лотоса». Она была учреждена Основателем Никкё Нивано и Сооснователем Мёко Наганума в 1938 году. Данная организация состоит из обычных мужчин и женщин, которые веруют в Будду и стремятся обогатить духовность, применяя его учение в своей повседневной жизни. Как на уровне местной общины, так и на международном уровне, мы под руководством Президента Ничико Нивано, очень активны в продвижении мира и благополучия через альтруистическую деятельность в сотрудничестве с другими организациями.

Заглавие, Живой Лотос - Буддизм в повседневной жизни, призван выразить нашу надежду к стремлению практиковать учения Лотосовой Сутры в повседневной жизни, чтобы обогатить и сделать нашу жизнь более достойной, словно распускание цветов лотоса в мутном пруду. Интернет-издание направлено на то, чтобы сделать Буддизм более практичным в повседневной жизни людей по всему миру.

# Страдањето е исто ваш животен придружник



Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Ние го правиме нашето сопствено страдање

Од време на време, јас ве имам прашано сите вас, 'Кога чашата е пола полна со вода, како вие го гледате тоа? Како го доживувате тоа?' Авторот Сеикан Кобајаши вели дека постојат три начини на кои вие можете да гледате тоа. Прво, со незадоволство и негодување дека тоа е само пола полно. Второ, со радост, чувствувајќи се среќен дека тоа е пола полно. И трето, со благодарност, бивајќи благодарен за љубезноста на кој и да ја оставил половината за вас. Како и да ја гледате или интерпретирате ситуацијата како оваа, вие самите сте тие кои и придавате на неа одреден вид на значење, и единствениот факт е дека чашата е половина полна со вода. Било да вие го прифатите овој факт со незадоволство или негодување, или со радост, или со благодарност, доаѓа целосно од вашиот сопствен ум – од вас.

Јас мислам дека за нас како световни практикувачи, суштински е дека Будините учења се ставени во лесно разбирливи термини кои се спремно применливи во нашите секојдневни животи. Во овој поглед, пишувањата на Г-дин. Кобајаши – втемелени во учењата изложени во Срцето на Мудроста Сутрата дека 'сите форми се, имено, празнина' – ни покажува нас дека било да се пријатни или непријатни, ние самите произволно им придаваме значење на сите феномени, што причинува колебања помеѓу нашите емоционални висини на восхит и падови на очај. Особено, феномените за кои мислиме дека се коренити причини за нашето страдање и вознемиреност се често семињата на страдање кои ние самите ги имаме засадено, преку нашите произволни одлуки, предрасуди, однапред замислени идеи, желби, сомнежи, приврзаностии, и така натаму. Еден пример на Будистички начин на гледање на нештата, втемелени во секојдневниот живот, е оваа аналогија со чашата вода, која ви покажува дека преку променувањето на тоа како ги гледате и интерпретирате нештата, вие можете да живеете со многу поголема леснотија.

## Страдањето исто така обезбедува некои од значајните моменти

'Раѓање, стареење, болест, и смрт се наречени 'четирите страдања,' но за мене, тие не се четирите страдања, тие се четирите радости.' Тие се зборовите на Др. Ко Хирасава (претходен претседател на Кјото Универзитетот). Тој сугерира дека со промената на вашата перспектива, вашиот живот ќе биде континуирано пренесување на радост и леснотија (Икиso kso мо сороконде (Ајде да го живееме секој ден радосно), Чичи Издавачка Куќа, 1995). Иако болеста е општо гледана како извор на страдање, поетот Шинмин Сакамура ја напишал оваа поема, исполнета со попрво нежно чувство на благодарност: 'Болеста / Отвори / Друг свет за мене - / Праските / Цветаат' ( Сакамура Схинмин зен схисху (Собрани поеми од Шинмин Сакамура), Даито Издавачка Куќа, 1985). Новелистот Којин Шимомура напишал: 'Светот кој јас сакам да го населам е тој во кој страдањето не е причина за очај туку попрво стимул за храброст ( Сеинен но схисаку но тамени (За чудото на младоста), ПХП, 2016). Гореспомнатиот Кобајаши вели за учењата на празнина дека тој ги илустрирал со својата аналогија за чаша вода: 'Можеби тоа што Будата посакува да ви каже е дека кога вие можете да најдете радост и задоволство во истиот феномен, вие духовно се рафинирате себеси (Уцху га миката но микатадо (Перспектива која го прави универзумот твојот сојузник), Коенча, 2003). Навистина, дури и тие феномени за кои мислиме дека се болни можат да се гледаат и интерпретираат на различни начини кои на крајот нé водат нас да најдеме храброст да живееме и да најдеме нов начин на живот. Ако вие само гледате нешто како едно димензионално – гледајќи го тоа само како полно со страдање или болка – вие најверојатно ќе бидете постојано обземени со тоа 'страдање' и ќе изгубите одлична можност да растете и созревате.

Кога ова е речено, јас не ви сигурирам дека вие треба да се присилувате себеси да радосно прифатите болни настани. Попрво, обидете се да ги видите нештата од повеќе перспективи, и тогаш препознајте дека секој вид на страдање, кога е виден во светлото на вистината на непостојаност и учењето на меѓузависно потекло, е самото интегрален дел на отварачките околности и неминовности на животот. Повеќе од тоа, таквите искуства се поврзани со креативна иднина, иста како тие на младо дете кое созрева во возрасен. Дури и да треба одредено време, ние ја поседуваме моќта да ги трансформираме нашите страдања во одредби за живот и радост.

Страдањето и тагата формираат значајни моменти во вашиот живот – тие се исто така ваши драгоцени животни искуства. Да ги цитирам зборовите на теоретскиот физичар Харуо Саји, 'Затоа што сегашниот момент е формиран од акумулација на минатото, преку гледање напред кон далечната иднина и внимателно дизајнирајќи ги нашите дела од овој момент напред, ние ја имаме можноста да го промениме не само иднината туку и минатото' (Цхицхи (Достигнувајќи мудрост), Чичи Издавачка Куќа, Октомври 2021). На сличен начин, суштински е во корист на нашите идни себе, возрасните на утрешнината, и иднината на нашата планета – да ние живееме целосно во сегашниот момент преку прифаќање како наши животни сопатници н страдањето исто како и радоста која ја имаме акумулирано во минатото.

(Од Косеи, Јуни 2026)



# Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега

*Сокузе Дојо*

即是道場 Sokuze Dojo

## Сите наши искуства се за целта на разбудување

Продолжувајќи од претходниот месец, ние сме одушевени да го споделиме следното издание на Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега од Др. Доминик Скаранџело, Интернационалниот Советник на Ришо Косеи-каи. Сокузе Доџо е инспирирано од поглавје 21 на Лотос Сутрата и го пренесува принципот на ‘Медитација на Местото на Патот’ – увидот дека секое место може да биде место на практикување. Ова учење топло нé потсетува дека ние можеме да ја живееме Дармата во нашите секојдневни животи – било дома, на работа, или на школо.



Др. Доминик Скаранџело

Во минатите неколку колумни, ние го проучувавме принципот на Десетте Таквости со поглед кон елеминирање на страдањето. Нема потреба да се каже дека како Будисти, ние стремиме да се ослободиме себеси и другите од страдање. Сепак, во искреното стремење кон ова племенито дело, ние можеме да превидиме важен аспект на мудроста на Лотос Сутрата. Последниот пат, ние допревме до ова кога се осврнавме на учењето на Основачот Нивано дека “Сите причини се добри причини.” Ајде да го истражиме ова подлабоко.

Поч. Кошо Нивано вели дека “Преку ставање на учењата во пракса, ние бевме навистина ослободени од страдањата со кои се соочуваме во околностите на нашите животи, и ова многу ги преобразува нашите животи. Сепак, учењата на Ришо Косеи-каи не се со цел на елиминирање на нашите страдања” (“Фундаменталната Визија на Ришо Косеи-каи 2018-2027” 16).

На почетокот ова може да звучи изненадувачко. Зар не се свртуваме кон Будата затоа што ние сакаме да ги елимираме страдањата и да најдеме среќа? Зар не е страдањето проблемот, и зар не е Будистичката пракса наменета да ги открие и отстрани нејзините причини?

Поч. Кошо Нивано продолжува: “Ришо Косеи-каи е учење во кое страдањето станува самата причина за нашето ослободување, исто како што голем лотосов цвет цвета точно во калта” (“Фундаменталната Визија на Ришо Косеи-каи 2018-2027” 16).

Ова го изразува парадоксот на страдањето. Додека ние бараме ослободување од страдање, преку самото сретнување и вклучување во страдањето разбудувањето станува можно. Од оваа гледна точка, страдањето може да стане услов кој нé движи нас низ патот кон усовршување на нашиот карактер и кон животи кои се позначајни и поисполнети.

Многу од вас ја имаат видено лотосовата градина во Големата Света Хала. Лотосот е еден од најубавите цвеќиња, симболизирајќи чистота и разбудување. Сепак лотосите не растат во чиста, пенлива вода. Тие растат во калива, стагнирана вода која би нé направила нас болни ако ја пиеме. Самите услови кои изгледаат нечисти или непријатни се тоа што му овозможува на лотосот да расте и да цути.

Ние сме истото.

Лотос Сутрата подучува дека секој може да стане буда – дека “Семињата на будаство никнуваат од соодветни услови” (Тројната Лотос Сутра 77). Сепак тие услови можат да го  вклучат страдањето кое ние го сретнуваме во животот. Шакјамуни Буда го илустрира ова во Поглавје 12 кога тој објаснува дека една од условите кои му овозможиле да достигне будаство беше неговата средба во претходен живот со аскетот Асита,



претходниот живот на Девадата. За многу години Асита создал екстремно тешки околности за него.

Многу од нас ја знаат приказната за Девадата, но Лотос Сутрата радикално нé предизвикува повторно да размислиме како ние ја разбираме маката. Девадата не бил само проблематичен; тој бил злонамерна личност кој извршил ужасни дела и причинил огромно страдање за многу луѓе, како и другите озлогласени негативци во историјата. Сепак Шакјамуни објавил дека Девадата на крајот служел како бодисатва кој обезбедил услови за неговото разбудување.

Како може некој кој причинил такви страдања да биде опишан како бодисатва? Што ја направило разликата?

Разликата била во срцето и умот на Шакјамуни.

Многу од нас имаат искусено големи страдања заради различни околности или дела на другите. Може да изгледа невозможно да се најде нешто значајно или корисно во тоа низ кое поминавме. Некои форми на страдање се неизбежни: болест, староеење, загуба на сакани луѓе, и на крајот, нашата сопствена смртност.

Будата подучува дека кога ние ќе ги прифатиме тие реалности – не преку откажување или губење срце, туку преку прегрнување на нив како можности за разбудување – нивното значење се трансформира.

Како ние да го направиме ова? Не е лесно да се стави во зборови, но двајца сакани луѓе ми помогнаа да ја разберам важноста на оваа вистина. Двајцата починаа заради рак. Еден од нив неможеше да ја прифати дијагнозата и стана обземен со лутина кон универзумот. Оваа лутина ја засени секоја благодарност за имање примено поклон на живот и за благословите кои тие ги искусија, и тоа ги спречи нив од ценење на времето кое остана со фамилијата и пријателите. Тие преминаа во голема агонија со срце полно со горчливост и навреденост.

Другата личност реагирала многу различно. Тој ја прифатил реалноста на неговата болест и одбра бивањето болен да биде неговата духовна пракса. Тој го употреби тоа време да ги продлабочи неговите односи со тие драги на него, и тој откри дека неговиот живот бил полн со љубов. Никогаш претходно тој немал искусено таква топлина и наклонетост. Дури и кога се соочил со смртта, тој бил исполнет со благодарност – за животот и за се што тој му дал нему. Неговиот начин на прифаќање на ситуацијата му овозможило нему да ја искуси самата болест како услов за разбудување.

Двата од тие луѓе станаа бодисатви за мене. Преку нивните животи, тие ме подучија на важноста на прегрнување на секое искуство заради целта на разбудување.

Моја надеж е дека ќе можам да ја усвојам оваа вистина и да го живеам секој ден со благодарност, препознавајќи дека сите околности на нашите животи – дури и најтешките – можат да станат услови преку кои нашите сопствени семиња на будаство цутат, разубавувајќи ги нашите животи и животите на тие околу нас.





# Извештај од теренот од Сангха

Поч. Ник Озуна
Свештеник, Ришо Косеи-каи на Сиетл

Околу ова време минатата година, прекрасен член со длабока верба и посветеност кон сангхата на Сиетл искусил животно трансформирачка мака. Додека возел точак на нетипично топол пролетен ден, тој имал срцев напад и бил итно пренесен во болница. Сепак, заради моментален срцев застој, тој бил ставен на апарати во индуцирана кома. Во меѓувреме, неговата фамилија седела блиску до него, и сангхата се здружи заедно во молитва за него секој ден.

На чудесен начин, додека тој бил тргнат од апарати после еден месец, тој се разбудил! Секој во сангхата бил длабоко инспириран од неговото враќање на свеста, и пак повторно, ние одржавме посебна молитва за брзо закрепнувањее, овојпат со член на Зум од неговиот болнички кревет. Тој покасно сподели со мене колку благодарен тој бил да ја прими оваа моќна молитва за време на неговото тешко искушение и како тоа му даде нему сила да верува дека тој може да направи целосно оздравување.

После некое време поминато во враќање на неговата способност да чекори и зборува, тој присуствуваше на служба при нашиот Будистички Центар. Единството споделено од сангхата во гледање на неговото присуство таму разбуди опиплива радост. Тој ја сподели неговата огромна благодарност кон Будата, неговата фамилија, сангхата, и неговите доктори за тоа што е жив. Тој рекол дека тој сака да го употреби неговиот драгоцен живот за уште повеќе да им користи на другите.

Тој го направи токму тоа во текот на последните неколку месеци, иако сеуште одеше на рехабилитација. Сепак, тој приметил одредени назадувања со неговото здравје, и физички и ментално. Неодамна, тој ми откри на мене дека заради тие назадувања, тој почнал да се прашува себеси. Тој направил толку многу добри дела со години, и направи искрено молитви секојдневно, да тој сакаше да знае зошто тој ги доживува тие тешкотии.

Во нашата дискусија, јас го прашав него да се наврати на неговите чувства непосредно после неговото оздравување. Ова го потсети него на длабоката благодарност која тој ја чувствувал за едноставно бивање жив тука и сега. Реалноста, како што неговиот доктор му кажал, е дека само 10% од пациентите кои поминуваат низ тоа што тој го поминал оздравуваат. Понатаму, постојат многу пациенти со помалку сериозни случаи кои, иако тие преживуваат, се борат со нивното оздравување заради чувства на лутина или навреденост.

Заради неговото предизвикувачко искуство, тој стана свесен дека тој може да помогне и да инспирира многу други кои живеат во такви услови. На овој начин, неговото искуство се преобрази од несреќно во непроценливо. Сигурно, тој истрпил големи маки, но заради неговата доживотна верба во Будината заштита и водство, тој го трансформирал неговото страдање во можност да се осврне на тоа што значи да му биде даден овој незаменлив живот од Будата. Ова е вистинско ослободување!

Преку овие размисли, тој го вратил умот на свесност дека сите искуства, среќни или поинакви, се за цел на разбудување и заради тоа се драгоцени поклони од Будата.

Поглавје 2
За да се поврзете со другите

# Ставете ја наметката на Будата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



## “Трпеливост” е простување кон другите

На крајот, јас мислам дека “трпеливост” се сведува на простување на другите. Некој еднаш рекол “Да се сака е да се прости,” и тие зборови останаа цврсто во мојот ум. Се разбира, природната наклонетост помеѓу родителите и децата или романтичните партнери спаѓа во различна категорија, но љубовта која се издигнува во платонските релации е сигурно, исто како изреката сугерира, нешто кое се негува преку простување.

Но јас би сакал да додадам дека да се прости е исто да се разбере.

Кога јас објавив кон новите регрути дека јас нема да ги удирам, тоа беше затоа што јас разбрав дека никој помеѓу нив само би научил ако тие беа удрени. Војската беше во намалување тие денови, така да беше екстремно тешко да се помине тестот за регрутација со најдобра оценка и да се биде регрутиран во морнарицата. Луѓето општо чувствуваа дека би било длабоко навредувачки да им се удри шлаканица на така способни луѓе. Кога јас мислев во врска со тоа на таков начин, јас бев природно

исполнет со благодарност кон регрутите, и тоа чувство водеше кон мојата одлука: јас нема да ги удирам нив!

Ова на никој начин не е фалење. Јас само имам намера да зборувам за меѓуповрзаноста на трпеливоста, ненасилството, и взаемното разбирање од гледната точка на моето сопствено искуство.

Откако Шакјамуни ја напушти палатата за да се качи на неговата духовна потрага, неговата помајка Махапајапати направи величествена наметка, надевајќи се дека еден ден тој ќе ја носи. Таа го соши конецот самата, ја ткаеше ткаенината самата, и ја везеше со златен конец. Кога Шакјамуни се врати во неговиот роден град Капилавасту по првпат после достигнување на разбудување, таа ја понуди наметката на него, но Шакјамуни Буда ја даде на неговата религиозна заедница да ја употребат. Сепак, наметката беше толку прекрасна да никој не би ја носел.

Шакјамуни тогаш го подучил Маитреја Бодисатвата да ја носи наметката. Кога Маитреја ја облекол, триесет и две ознаки (физички карактеристики) кои го разликуваат буда се појавија на неговото тело. Речено е дека кога Маитреја излегол да бара милостиња, луѓето од градот едноставно зјапаа во него во чудо. Тие беа така зачудени од неговата појава да тие заборавија да му понудат храна.

Дури и ние кои сме живи денеска, дваесет и пет стотини години покасно, сигурно би манифестирале ознаки на Будата во нашето однесување ако ги облечеме нашите срца во облеката на “флексибилност и простување.” Попрво отколку носење на прекрасни облеки кои коштаат многу пари, ова е најубавото украсување за телото.

Понатаму, доблеста од таа флексибилност и простување ќе се шири надворешно од секој од вас, како кружни таласи од водата, трансформирајќи го општеството, државата, и конечно целиот свет во подрачје на хармонија. Јас се надевам дека сите од вас ќе ја носат наметката на Будата со бескраен, великодушен дух.






## A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp